РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-2730/2
03. 12. 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] Скопје, со број 10-2730/1 од 28.11.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted] Скопје заверено под број 10-2730/1 од 28.11.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], преку пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 28.11.2025 година заверено под број 10-2730/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Дали општината издала одобрение за градење вон опфат на урбанистички план за катастарска парцела која е надвор од градежен реон, на парцела 29 и 30 за која е предвидена сеча согласно Посебниот план за стопанисување на шумско стопанската единица Пелистер-Брајчино донесен на 13 Март 2023г. (УП1 47-189/2023); Дали до општината е поднесено барање за градење вон опфат на урбанистички план за катастарска парцела која е надвор од градежен реон, на парцела 29 и 30 за која е предвидена сеча согласно Посебниот план за стопанисување на шумско стопанската единица Пелистер-Брајчино донесен на 13 Март 2023г. (УП1 47-189/2023).

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, при добиениот одговор од Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка Општина Ресен Ве информира за следното: Одделение за урбанизам и комунални работи **нема** издадено Одобрение за градење вон опфат на урбанистички план за катастарска парцела која е надвор од градежен реон на парцела 29 и 30 за која е предвидена сеча согласно Посебниот план за стопанисување на шумско стопанската единица Пелистер-Брајчино донесен на 13 Март 2023г. (УП1 47-189/2023); Исто така ве известуваме дека во Општина Ресен **немаат** поднесено барање за Одобрение за градење вон опфат на урбанистички план за катастарска парцела која е надвор од градежен реон на парцела 29 и 30 за која е предвидена сеча согласно Посебниот план за стопанисување на шумско стопанската единица Пелистер-Брајчино донесен на 13 Март 2023г. (УП1 47-189/2023).

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**